ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2911/3
24-12 2014 год.
Скопје

Согласно член 10 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/2009, 158/10) и член 55 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Деканатската управа на својата XII редовна седница, одржана на 18. XII 2014 година, донесе

# ПРАВИЛА

## за начинот на уништување на документите , како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите

### Член 1

Со овие правила се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот за уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработка на личните податоци на Филозофскиот факултет во Скопје (во натамошниот текст „Контролорот“) во својство на Контролор.

### Член 2

Документите кои содржат лични податоци по истекот на определениот рок за нивно чување се уништуваат од комисија определена од Деканатската управа.

Документите од став 1 од овој член се уништуваат со шредирање за што комисијата составува записник кој го доставува до Деканатската управа.

### Член 3

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување, медиумот се уништува, се брише или пак се чисти од личните податоци кои се снимени на него.

### Член 4

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За случаите од став 1 и 2 од овој член се изготвува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на него.

### Член 5

Овие Правила влегуваат во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН
на Филозофски факултет

Проф. д-р Горан Ајдински

Изработил:м-р Катерина Пејкова